# СООПШТЕНИЕ

Во врска со условите и постапката за ослободување од плаќање на надоместок за ангажирана моќност (фиксен дел), во случај кога сопствениците на станот согласно адресата од личната карта не живеат во станот што го поседуваат, а сепак истиот се користи и се живее во станот, за да бидат ослободени од плаќање на надоместок за ангажирана моќност (фиксен дел) потребно е да ја поднесат следната документација до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија:

- Барање за ослободување од обврска за плаќање надоместок за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија,
- копија од имотен лист (не постар од 30 дена) или доколку нема имотен лист копија од договор за купопродажба,
- копија од лична карта (на увид),
- копија од сметки за електрична енергија за месеците од октомври 2018 до април 2019,
- копија од договор за закуп заверен на нотар доколку станот се издава под кирија.

За сопствениците на стан кои што согласно адресата од личната карта живеат во станот кој што го поседуваат важи редовната постапка со поднесување на стандардно барање на шалтерите на Снабдувачот со топлинска енергија и со приложување единствено на имотен лист (не постар од 30 дена) и лична карта на увид.

Со почит

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ**

Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk